Зорица САЛТИРОВСКА **УДК: 930.85.004.4 : 341 (497.2)**

# ЗАГРОЗУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ВООРУЖЕНИТЕ КОНФЛИКТИ И ПРИСТАПОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Кратка содржина***

*Културното наследство претставува основа на националниот и културниот идентитет на еден народ, но и дел од светското културно наследство. Поради тоа, неговата заштита е од огромното значење и за државата на која и припаѓа, но и за целата меѓународна заедница. Познавањето на националниот систем за заштита на културното наследство е клучен предуслов за правилен пристап кон сопственото културно наследство. Но во услови на вооружени дејствија, треба да се почитува и културното наследство на другите држави кои се инволвирани во конфликтот. Затоа треба да се вршат подготовки уште во мирновременски услови, пред сè, преку јакнење на свеста (кај припадниците на оружените сили и народот) за потребата од почитување и заштита на културното наследство, но и со почитување на меѓународно-правната регулатива за заштита на културното наследство во воените судири.*

***Клучни зборови:*** *КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, НАЦИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ, КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ, ВООРУЖЕНИ КОНФЛИКТИ.*

## Вовед

И покрај напорите на меѓународната заедница да создаде услови за мир во светот, случувањата покажуваат дека не секогаш конфликтите се решаваат по мирен пат. Сведоци сме на бројни вооружени конфликти ширум светот, во кои не страдаат само луѓето и нивните имоти, туку и културното наследство на цел еден народ кој е индикатор на идентитетот на тој народ, на неговото постоење и творење со векови station наназад. Културното наследство ја раскажува приказната за народот кој низ историјата на своето постоење создавал вредни дела и со тоа се потврдувал и афирмирал во пошироката заедница на народи и држави. Тоа ги изразува кул-

турните дострели на еден народ, неговата свест на постоење, живеење и развивање во одредени историски услови. Културното наследство е основа на националниот и културниот идентитет на народот, но и дел од светското културно наследство бидејќи секој народ има придонес во културата во светот. Поради тоа, зачувувањето на културното наследство е од огромно значење за сите народи во светот. Неговата заштита не може да биде ефикасна доколку не се преземаат мерки и на национално и на меѓународно ниво, и тоа уште во мир при што од особено значење е изразувањето на свест за вредностите и свест за потребите да се сочува културното наследство за идните генерации.

## Дефинирање на културното наследство

Изразот „културно наследство" вообичаено се користи како „општ назив за сите материјални и духовни добра останати од претходните генерации, од поблиското или подалечното минато и до современоста допираат како материјални симболи или како обичаи, навики, обреди, искуства, знаења и умеења. Тоа се содржини од различни области на животот, а не само од областа на културата, пренесувани од една на друга генерација, независно од времето, местото, начинот, целта и формата на создавањето или кој ги создал" (Ј. Ристов, 1997). Во Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство, како и во препораката на УНЕСКО за заштита на културното и природното наследство на национален план, изразот културно наследство е употребен како „генерички поим само за недвижностите (споменици, групни зданија и знаменити места) што се од исклучителна универзална вредност" (V. Brguljan, 1985). Во прописите на повеќе држави под културното наследство се подразбираат сите видови заштитени добра, а во некои пак се користат сложеници од типот историско и уметничко или културно наследство. При тоа обично се мисли на материјални артефакти и предмети на една група или општество наследени од минатото, одржани во сегашноста и зачувани за доброто на идните генерации. Но често она што се смета за културно наследство од една генерација, може да биде отфрлено од наредната, а потоа повторно да биде оживеано од генерацијата по неа. Овде се поставува прашањето за „правото на некоја генерација да одлучува и селектира што ќе биде културно наследство и што ќе се заштитува и колкава е нејзината свест за правото на идните поколенија да ги наследат и уживаат истите вредности. Свеста е плод на одредена култура, обичајно, морално или друго поведение и како резултат на тоа одредени вредности се издвојуваат од другите и кон нив се има специфичен однос што се изразува како посебно внимание, нагласена грижа

или како свесно оттурнување, неприфаќање, негација“ (Ј. Ристов, 1997). Материјалното наследство вообичаено вклучува објекти, историски места, споменици, артефакти итн., кои се сметаат како вредни за презервација за идните генерации. Тука спаѓаат објекти значајни за археологијата, архитектурата, науката или технологијата на одредена култура. Но културно наследство се и природните вредности и реткости како и духовното богатство наследено од минатото. Од сето ова произлегува дека дефиницијата за културно наследство мора да биде „описно изразена до степен што ѝ обезбедува операционалност, инструктивност и едукативност, а со таквите белези да биде во функција на ефикасното остварување на нејзината заштита“ (Ј. Ристов, 1997). Ова барање е задоволено со дефиницијата дадена во законскиот проект од 1990 година, во која точно и прецизно е определена содржината на поимот и од која јасно се знае кој објект или предмет е културно наследство и е предмет на заштита. Во Законот за заштита на културното наследство од 2004 година, во член 2, културното наследство се дефинира како „материјални и нематеријални добра коишто, како израз или сведоштво на човековото творештво во минатото и сегашноста или како заеднички дела на човекот и природата, поради своите археолошки, етнолошки, историски, уметнички, архитектонски, урбанистички, амбиентални, технички, социолошки и други научни или културни вредности, својства, содржини или функции, имаат културно и историско значење и заради нивната заштита и користење се наоѓаат под правен режим“. Со оваа дефиниција културното наследство се третира како единствена целина во која и материјалното и духовното наследство стануваат предмет на правна заштита. Во членот 3 од овој закон се наведува дека културното наследство, според својствата може да биде недвижно, движно и духовно, а според значењето - од особено и од друго културно и историско значење. Според степенот на загрозеноста пак, може да биде загрозено и незагрозено со што се определува приоритетот во заштитата на културното наследство кое е во опасност.

## Загрозување на културното наследство во вооружени конфликти

„Конфликтот е резултат на истовремено постоење на конфликтни интереси и конфликтно однесување меѓу страните во конфликтот“ (Т. Гоцевски, 1999). Притоа, под страни во конфликтот се подразбираат директните учесници во конфликтот кои преземаат активности со цел да се спротивстават (конфликтно однесување) да ги остварат своите интереси кои се исто така спротивставени. Карактерот на конфликтот зависи

од „причините, постапките и стратегиите кои луѓето ги избираат за да се справат со него“ (Л. Георгиева, 2007). Од тоа зависи дали на конфликтот ќе се гледа како на позитивен конструктивен или како на негативен и деструктивен феномен. Тргнувајќи од ваквиот пристап, Сандол го дефинира манифестниот конфликтен процес како „состојба во која што најмалку два актери, или нивни претставници, се обидуваат да ги остварат своите спротивставени цели со онеспособување, директно или индиректно, на способноста на противникот за дејствување“ (D. Sandole, 1993). Доколку конфликтот „ескалира во т.н. агресивен манифестен конфликт“ (Л. Георгиева, 2007), тогаш зборуваме за вооружен конфликт. Според тоа, вооружениот конфликт претставува „ситуација во која најмалку два актери или нивни претставници, се обидуваат да ги остварат своите спротивставени цели со примена на физичка принуда или со уништување на сопственоста и вредносните симболи едни на други; и/или психолошки или физички си наштетуваат, се уништуваат или на друг насилен начин взаемно се елиминираат“ (Л. Георгиева, 2007). UCDP (Uppsala Conflict Data Program) од Институтот за мир и истражување на конфликти, на Uppsala универзитетот ги дефинира вооружените конфликти како „судири на взаемно некомпатибилни цели и интереси на две влади или вооружени судири на две или повеќе групи од кои барем една е влада на некоја држава“. Ако во конфликтот има повеќе од 1.000 жртви од вооружените судири во текот на една календарска година, тој се вбројува во големи вооружени конфликти.

Поради деструктивниот карактер, во вооружените конфликти се уништува сѐ што човекот успеал да создаде и сочува низ вековите. При тоа, освен страдањата на луѓето и големата загуба на човечки животи, се губи во неповрат и се загрозува културното и историското богатство на народите кои војуваат, но и на целото човештво. Во историјата среќаваме најбрутални форми на уништување културно наследство. Меѓу нив, „според нивната зачестеност и последиците, посебно се издвојуваат кражбите и ограбувањата на дел од културните добра и нивно разурнување и оштетување од непосредното влијание на борбените дејствија“ (П. Аслимоски, 2000). Развојот и осовременувањето на средствата за војување, ја зголеми нивната разурнувачка моќ и прецизност, а со тоа се зголеми и степенот на загрозеност на културното наследство од разурнување и уништување. Вакво стихијно и случајно загрозување на културното наследство е неизбежно и е присутно во сите вооружени конфликти. Намерно или ненамерно, употребата на воени средства предизвикува масовни разурнувања од кои не се поштедени ниту културно-историските споменици и објекти кои постојат со векови низ историјата и кои не настрадале дури и во посилните земјотреси.

Во вооружените конфликти културното наследство е загрозено и поради организирано и свесно дејствување на страните во конфликтот со цел да се присвои, ограби, разнесе или опустоши истото и да се збришат културно-историските сведоштва за постоењето на еден народ. Гледано низ историјата, ограбувањето и намерното уништување на културните добра биле сметани како сосема нормална појава. Историските извори изобилуваат со примери за уништување на цели градови, разурнување и ограбување на значајни објекти и други културни добра. Дури и по донесувањето на бројните документи со кои се настојува да се заштити културното наследство, ограбувањето и разнесувањето не престанале. Мошне често, овие активности се поврзани со криминални-воено-профитерски цели на организирани групи или поединци кои користејќи го воениот виор настојуваат да се збогатат. „По разрешувањето на вооружениот конфликт разурнатото и оштетено културно наследство повторно е загрозено поради несоодветниот третман кој го има во процесот на изградба и обнова на земјата“ (П. Аслимоски, 2000). Поради тоа, загрозувањето на културното наследство во вооружени конфликти не е само интензивно, туку и долготрајно. Од сите катастрофи кои може да ги предизвика човекот, вооружените конфликти се најголема закана за интегритетот на културното наследство. Честопати е невозможно да се изврши проценка на потенцијалната закана од вооружените конфликти и на нивниот ефект врз културното наследство. Напорите на завојуваните страни за неговото зачувување може да се координираат единствено ако се има разбирање и свест дека интегритетот на културното наследство треба да се почитува и заштити обострано, па во прилог на тоа да се почитуваат и сите правно-нормативни документи за негова заштита.

## Меѓународно-правна заштита на културното наследство

Уште од најстари времиња луѓето биле свесни дека со палењето и уништувањето на градови и објекти, всушност ја осиромашуваат целата човечка заедница, го омаловажуваат целиот човечки род. Така, уште Цицерон во своите говори укажувал на специјалната обврска за почитување на културните добра, а Белизар испратил писмо до водачот на Готите во кое укажува на моралната обврска за воздржување од уништување на Рим, кој уште тогаш бил оценет како културно-историска вредност. Вакви примери среќаваме и во наредниот период, но сите заложби да се заштитат културните и историските богатства биле индивидуални и се базирале на повикување на свеста и совеста на спротивставените страни. Дури од 19 век наваму започнуваат меѓународни форми на организирање на правна заштита на културното наследство. Прв чекор кон

тоа се Либертовите инструкции од 1863 година во САД, според кои класичните уметнички дела, библиотеките, научните колекции или скапоцените инструменти, како и болниците не смеат да се бомбардираат, а културните вредности може да бидат присвоени но нѐ и да бидат уништени, оштетени или продадени. Ваквите инструкции извршиле силно влијание врз развојот на меѓународно-правната заштита на културното наследство во воени услови, така што во повеќе држави се издаваат дела[1] или ракописи[2] во кои се осудуваат бруталните акти против културното богатство и се повикува на воздржување и свесно одвраќање од таквите акти на насилство.

Следен чекор во развојот на меѓународно-правната заштита на културното наследство во војна е Бриселската декларација од 1874 година која се однесува на законите и обичаите на војната, и во која меѓу другото, со член 16 и 17 се заштитува и културното богатство. Сепак, посериозен меѓународен обид за заштита на културното наследство од воени разурнувања е направен дури со Хашкиот правилник изготвен на двете интернационални мировни конференции одржани во 1899 и 1907 година. „Правилникот ја регулира заштитата на објекти наменети за културни, хуманитарни, верски и јавни функции, проширувајќи ги правилата по кои треба да се преземаат мерки при бомбардирање и запоседнување, но под услов објектите да не се користат во воени цели“ (П. Аслимоски, 2000).

Двете Светски војни во кои културното наследство неконтролирано се уништувало, ја зголемиле грижата на меѓународната заедница која резултирала со донесување Конвенцијата за заштита на културното наследство во воен судир, во Хаг 1954 година, во рамките на УНЕСКО. Вториот протокол од оваа конвенција е усвоен на 26 март 1999 година во Хаг, во организација на УНЕСКО и Владата на Кралството Холандија, со учество на претставници од 93 држави (74 држави-членки на Хашката конвенција од 1954 година и 19 држави-набљудувачи), претставници на Црвениот крст и Меѓународниот комитет на Синиот штит. Хашката конвенција од 1999 година е резултат на признавањето на меѓународната заедница дека културното наследство претрпело сериозни штети во неодамнешните вооружени конфликти и дека поради технолошкиот развој во вооружувањето, се наоѓа во зголемена опасност од уништување. Државите се убедени дека уништувањето и оштетувањето на културното наследство на било кој народ е непоправлива штета за целото човештво,

[1] Во делото на Жан-Гаспар Блунтши од 1868 година, ваквите акти се оценети како вандализам, бидејќи културните вредности немаат никаква врска со воените цели.

[2] Во ракописот на Анри Динан од крајот на 19 век, тој ги предупредува идните генерации на опасноста од уништувањето на културно-историско богатство и уништувањето на самите себеси како цивилизација.

па ја искажуваат својата решителност да ги преземат сите можни чекори во неговата заштита. „Со Вториот протокол е дадена правна основа за воспоставување на еден многу поефикасен механизам за меѓународна заштита на културните добра во случај на вооружен судир. Тоа е направено преку воведувањето на новиот протектолошки правен институт, наречен засилена заштита, како и преку новата институционална рамка (постојани органи и тела), зголемената кривична одговорност и засилената меѓународна асистенција и соработка во случај на вооружен судир“ (Ј. Ристов, 2002). Вториот протокол од 1999 година означува почеток на нова етапа во развојот на меѓународната воено-хуманитарна заштита на културните добра и го заокружува нејзиниот модел.

Заштитата на културното наследство во согласност со целите на Хашката Конвенција, опфаќа чување и почитување на културното наследство. Високите договорни страни се обврзуваат, уште во мирновременскиот период, да ги извршат сите подготовки за чување на културното наследство кое се наоѓа на нивна територија од последиците на вооружениот конфликт, преземајќи ги сите неопходни мерки. Обврзувањето важи и за почитување на културното наследство со воздржување од негова употреба, разурнување, оштетување и од било каков непријателски акт насочен кон културното наследство. За да се олесни идентификацијата на културните добра, тие треба да бидат обележани со знак за распознавање. Вооружените сили на договорните страни треба да имаат служби или стручен персонал кои треба да ги преземаат сите мерки за почитување на културното наследство на другата страна во конфликтот, од страна на персоналот на вооружените сили. Во вториот протокол од 1999 година се предвидува и заштита на културното наследство во немеѓународен вооружен конфликт при што страните во конфликтот се должни да ги применуваат барем одредбите кои се однесуваат на почитувањето на културното наследство. Според член 19 став 2 на Конвенцијата, тие може да склучат и специјални спогодби со кои ќе ги стават во сила сите или дел од одредбите на Конвенцијата. Конвенцијата не го дефинира немеѓународниот вооружен конфликт, туку преку една специфична одредба (член 22 став 2) укажува кои дејства не ги смета како внатрешен вооружен конфликт (внатрешни тензии, немири, бунтови, спорадични и изолирани акти на насилство и сл.). Во Протоколот од 1999 година, пак се потенцира дека истиот е предметен секогаш кога на територијата на една држава-членка се одвива „вооружен судир меѓу нејзините вооружени сили и отпаднички вооружени сили или други вооружени групи кои се под одговорна команда и вршат таква контрола на дел од нејзината територија, која им овозможува да водат континуирани и насочени воени операции“ (Ј. Ристов, 2002). Станува збор за елементи на дефиницијата за немеѓународен конфликт содржани во член 1 став 1 на Женевски-

от протокол од 1977 година. Како и да е, отсуството на официјална дефиниција за овој поим може да претставува проблем од аспект на примената на самиот Протокол од 1999 година.

Конвенцијата и Хашкиот протокол од 1999 година, немаат моќ да спречат вооружен конфликт, но со нивното доследно почитување од страните во конфликтот може превентивно да дејствуваат и да придонесат во заштитата и поштедувањето на културното наследство за време на непријателствата. Поради задржување на правилото за легалност на вооружените напади врз културни добра поради неопходна воена потреба, истите може да станат легитимна цел на нападот. Оттаму, овие меѓународни правила „припаѓаат на модел на заштита заснован врз доктрината на пожелен баланс на интересите“ (Ј. Ристов, 2002). Исто така, Протоколот не го уредува прашањето за означување на културните добра под засилена заштита, а проблемот со супранационалната надлежност за утврдување на индивидуалната одговорност за сторените воени злосторства против културното наследство, повеќе го навестува, отколку што го решава. Клучен проблем е и прашањето за степенот на примената на Протоколот за време на вооружен конфликт. Практиката покажува дека страните во конфликтот не секогаш се придржуваат кон меѓународните правила, ниту пак меѓународната заедница може да гарантира доследно почитување на истите. Деструкцијата на културното наследство секогаш се оправдува со тоа дека била испровоцирана, дека културните објекти се користеле како воени објекти, дека штетата е направена по грешка, или дека туѓите движни културни добра се пренесени на своја територија заради заштита. Примената на Протоколот подразбира висок степен на „реално присутна и практично манифестирана протекторска свест, но и завидно ниво на војничка и општа култура“ (Ј. Ристов, 2002).

Колку и да се значајни меѓународните напори во изградбата на правна заштита на културното наследство во вооружени конфликти, сепак клучно решение за негова ефикасна заштита е да се подигне индивидуланата и колективната свест кај луѓето дека уништувањето на културното наследство е уништување на човештвото. Дури и самата Конвенција од 1999 година јасно укажува на потребите таквата свест да се развива уште во мирновремени услови, пред сè, кај припадниците на вооружените сили (преку проучување на одредбите од конвенцијата и нивно вградување во едукацијата на припадниците на вооружените сили), но и кај населението преку разни воспитно-образовни форми.

## Заштита на културното наследство во Република Македонија во вооружени конфликти

Република Македонија изобилува со природни и културно-историски вредности кои се нејзино културно наследство и гаранција за постоењето на македонскиот народ на овие простори со векови station наназад. Во услови на војна, културното наследство би било изложено на најразлични облици на загрозување, па затоа неговата заштита се наметнува како неопходна функција на одбранбениот систем и на целото општество. За таа цел, во 2004 година е донесен Законот за заштита на културното наследство со кој „се утврдуваат видовите, категориите, идентификацијата, начините на ставање под заштита и другите инструменти на заштита на културното наследство, режимот на заштита и користењето на културното наследство, правата и должностите на имателите и ограничувањата на правото на сопственост на културното наследство во јавен интерес, организацијата, координацијата и надзорот, стручните звања и други прашања што се од значење за единството и функционирањето на системот за заштита на културното наследство во Република Македонија“ (член 1). Во член 4 се дадени целите на заштитата на културното наследство. Основната цел на заштитата е да се зачува културното наследство во изворна состојба, да се задржи интегритетот на податоците кои ги содржи, да се изградува свест за вредноста и значењето, но и за улогата која ја има во културната идентификација, како и да се оспособи за задоволување на потребите на граѓаните и на општеството.

„Оперативна цел на заштитата е преземање на активности за спречување на дејства, појави и влијанија кои може да предизвикаат оштетување, уништување, растурање, исчезнување, деградирање и противправно присвојување на културното наследство. Крајна цел е истото да се пренесе на идните генерации“ (член 4, став 2 и 3).

Во Законот за заштита на културното наследство е содржана посебна група одредби кои се однесуваат на заштитата на културното наследство во вооружени судири и природни непогоди (глава IV, Оддел 8, членовите 106-110). Притоа, не се дефинира што се подразбира под вооружени судири, па толкувачите на Законот се принудени да извлекуваат заклучоци врз основа на она што е дадено во овие неколку члена од Законот. Инаку, најчесто војната се дефинира како „вооружен судир меѓу две или повеќе држави кои меѓусебните недоразбирања се определиле да ги решат со употреба на сила“ (Т. Гоцевски, 1999). Во членот 108 од Законот за заштита на културното наследство се дадени подготвителните мерки за заштита во „воена“ и вонредна состојба. Ова дава за право да се претпостави дека вооружените судири се поистоветени со војните, кои пак според меѓународното право може да бидат меѓународни и граѓан-

ски. Исто така, може да се зборува и за внатрешни вооружени судири кои се случуваат меѓу разни општествени групи (нации, класи, верски, етнички, социјални и др. групи) во рамките на една суверена држава. Од друга страна пак, вооружениот конфликт претставува „вооружен судир на две или повеќе групи, од кои барем едната е влада на некоја држава" (според UCDP). Според тоа, може да се извлече заклучок дека во Законот за заштита на културното наследство под „вооружен судир" се подразбира секоја ситуација во која со примена на насилни средства страните во судирот настојуваат да ги остварат своите спротивставени цели и интереси (судири, конфликти и војни).

Во случај на избувнување или закана од избувнување на вооружен судир, културното наследство се именува т.е. прогласува за културно наследство во опасност. Управата води национален инвентар на заштитени добра во случај на вооружен судир, а министерот за култура ги пропишува содржината и начинот на водење на инвентарот. Органите и јавните установи за заштита, како и имателите на заштитени добра имаат должност да преземат неопходни подготвителни мерки за заштита од предвидливи последици од вооружен судир (обезбедување документација за заштитените добра, подготовка за евакуација, планирање на итни мерки за заштита од пожар или рушење, набавка на опрема за заштита, определување на персонал, стручни и оперативни тимови, планирање на безбедносни мерки во случај на вооружен судир и др.). Управата го следи и контролира спроведувањето на сите мерки, издава стручни упатства и го насочува нивното спроведување. На предлог на Националниот совет за културно наследство, Владата утврдува приоритетна листа на културно наследство оштетено во вооружен судир, која е задолжителна основа во утврдување и спроведување на итни мерки за отстранување или ублажување на последиците од штетата.

Покрај подготвителни мерки за заштита кои треба да се спроведуваат во мирновременскиот период и конкретни мерки за заштита во услови на вооружен судир, Законот предвидува и мерки за развивање на свеста на јавноста за вредноста и значењето на културното наследство како составен дел на културниот идентитет, опасностите на кои е изложено и потребата од негова заштита. За таа цел ги задолжува „јавните установи од областа на воспитанието, образованието, науката, културата и информирањето, во своите планови и програми за работа, да предвидат содржини за стекнување знаења и изградување на правилен и активен однос кон културното наследство и неговата заштита" (член 113). Управата е должна да го шири и поттикнува познавањето на националните и меѓународните прописи за заштита на културното наследство, да ја известува јавноста за меѓународната помош во заштитата на културното наследство во Република Македонија, како и да дава соодветен публи-

цитет на секое оштетување, уништување или друго незаконско дејствување против културното наследство.

Во однос на организацијата на заштита на културното наследство, покрај Управата, дефинирани се Установи за заштита на културното наследство: (Национален конзерваторски центар, Конзерваторски центри, Установи за управување со заштитени подрачја, Музејски, Библиотечни и Кинотечни установи) како и други субјекти како што се: Државниот архив, здруженија на граѓани и др. Инспекцискиот надзор за спроведување на Законот го врши Управата преку своите инспектори. За прекршителите на одредбите од Законот се предвидени парични казни во висина од 5.000 до 300.000 денари или мерки на безбедност.

Во поглед на заштитата на културното наследство во ситуации на вооружени судири на територијата на Р. Македонија, Законот има низа недоречености. Во членовите кои се однесуваат на оваа проблематика акцентот е ставен врз подготвителните мерки кои се преземаат во согласност со начелото за чување на културните добра. Во поглед на посебните мерки кои се преземаат во воена и вонредна состојба, дадена е правна основа за донесување на посебна уредба со која Владата поблиску ќе ги уреди односите во врска со примената на начелото за почитување на културните добра. Единствено, во член 54, кој се наоѓа во делот за општите забрани, стои дека против културното наследство и добрата под привремена заштита не смеат да се преземаат било какви мерки на репресија, да се користат за воени цели или да бидат цел на напад. Во самиот дел 8 кој се однесува на оваа проблематика, не е посветено доволно внимание за начинот на заштита на културното наследство во вооружени судири.

Законот за заштита на културното наследство претставува основна рамка на заштитните активности и го дава моделот на заштита кој ги поддржува националните напори кон зачувување на културното наследство. Сепак за да биде неговата заштита ефикасна, Република Македонија треба активно да партиципира во колективните настојувања за заштита на културното наследство во вооружени судири и да иницира меѓународна соработка во оваа сфера бидејќи заштитата на нашето културно наследство во вооружени конфликти е условена од спремноста на вооружените сили на другата страна да го почитуваат и да се придржуваат на одредбите на Хашката конвенција и другите меѓународни механизми за заштита на културното наследство во вооружените судири.

## Заклучок

И покрај напорите на меѓународната заедница за мирно решавање на конфликтите, мора да се соочиме со фактот дека сè уште вооружените конфликти се наша реалност. Во услови на воени дејства, не страдаат само луѓето, туку и нивните имоти и културно-историските богатства кои се основа на националниот и државниот идентитет на еден народ. Покрај национално, културното наследство има и меѓународно значење, па поради тоа неговата заштита треба да се организира на национално и на меѓународно ниво. Меѓународното институционализирање на заштитата на културното наследство е заокружено со Вториот протокол на Конвенцијата за заштита на културното наследство во воен судир од 1999 година која ги содржи најзначајните норми од овој домен во современото меѓународно право. Основни принципи во заштитата се чувањето и почитувањето на културното наследство во воените судири. Државите имаат обврска да ги преземат неопходните мерки за заштита кои Конвенцијата не ги утврдува туку остава самите држави-потписнички да ги определат во своите законски акти.

Одредбите од Протоколот од 1999 година се дел од меѓународните правила за почитување на културното наследство во вооружени конфликти. Почитувањето ги подразбира мерките кои се преземаат за време на вооружениот конфликт, а се манифестира преку повеќе облици на воздржување и претпазливост кон културното наследство, но и преку ограничен имунитет, пропишани забрани и специфични облици на соработка, асистенција и контрола за време на вооружен конфликт од меѓународен и немеѓународен карактер. Оттаму, преку начелото на почитување, повеќе отколку преку начелото на чување, може да се спознае не само реалниот досег на општата заштита туку и квалитетот на моделот на меѓународна хуманитарна заштита на културното наследство.

Со донесувањето на Законот за заштита на културното наследство во 2004 година, Република Македонија го утврди моделот на заштита и ги определи мерките за заштита во случај на вооружен судир. Сепак за да биде заштитата ефикасна, културното наследство (како дел од светското културно наследство) треба да добие и меѓународна заштита, што ја иницира потребата од поактивно вклучување на Република Македонија во колективните напори за заштита на културното наследство и интензивирање на меѓународната соработка во овој домен.

## Литература


Асимоски, П., 2000. *„Општествена заштита на културното наследство“,* Охрид.

*„Археолошкото богатство на Македонија и неговата заштита“,* 1998. Фондација за култура на Македонија, Скопје.

Vrguljan, V., 1985. *"Međunarodni sistem zaštite kulturnih i prirodnih dobara",* Zagreb - Beograd.

Bluntschli, G. J., 1868. *"Le droit international codifié, The protection of cultural property in the event of armed conflict".*

Гоцевски, Т., Ортаковски, В., Георгиева, Л., 1999. *„Разрешување и трансформација на конфликти“,* Македонска ризница, Куманово.

Георгиева, Л., 2007. *„Творење на мирот“,* Југореклам, Скопје.

*La protection du patrimoine cultural mobilier,* Recuel de textes legislatifs, II 1981. UNESKO, Paris.

*„Да го заштитиме културното богатство“,* 1999. Прирачник, Царинска управа на Република Македонија, АД 11 Октомври, Прилеп.

*Закон за заштита на културното наследство,* 2004. Службен весник на Република Македонија бр. 20/04.

*Status, Code de déontologie protessionelle,* 1996. ICOM, Paris.

SIPRI Yearbooks (2008), *"Definitions, sources and methods for the conflict data",* Oxford University Press, Oxford.

The Military Balance, 2004-2005. *"The 2004 Chart of Armed Conflict“,* The JJSS, London.

Ристов, Ј., 1997. *„Споменичка терминологија - генерички поими за заштитени добра со избор на дефиниции“,* Скопје.

Ристов, Ј., 2003. *„Споменичкото право во Македонија“,* Републички завод за заштита на спомениците на културата, Скопје.

Ристов, Ј., 2002. *„Хашкиот протокол од 1999 година“,* Македонска цивилизација, Скопје.

Horvat, M., 1975. *"The theory and practice of war",* Indiana University Press Bloomington.

Целакоски, Н., 1997. *„Културно наследство“,* Институт за истражување на туризмот при ФТУ Охрид, Охрид.

*Конвенција за заштита на културните добра во случај на вооружен судир,* 14 мај 1954 година.

*Втор протокол на Хашката конвенција од 1954 година,* 26 март 1999 година.

*Ревидирана европска конвенција за заштита на археолошкото наследство,* 16 јануари 1992 година.

Zorica SALTIROVSKA

# ENDANGERMENT AND PROTECTION OF CULTURAL HERITAGE IN CASES OF ARMED CONFLICTS

**Summary**

The cultural heritage not only presents the basis of the national and cultural identity of a people, but rather a part of the world's cultural heritage. It is due to this that its protection has an immense bearing upon the state it belongs to, as much as upon the entire international community. Being familiar with the national system for protecting the cultural heritage is a crucial for a proper approach towards the cultural heritage of one's country. However, in cases of armed conflicts, the cultural heritage of other parties involved in the conflict is to be respected. It is for this reason that preparations are to be done in peacetime conditions, above all by strengthening the awareness (of the people as much as of the armed forces) for the need of respect and protection of the cultural heritage through respecting the international legal regulative for protection of cultural heritage during war actions.

**Key words:** CULTURAL HERITAGE, NATIONAL IDENTITY, CULTURAL IDENTITI, ARMED CONFLICTS.